ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
ДЕЛ 1

ДРЖАВНА МАТУРА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

## ДЕЛ 1

**Време за решавање: 60 минути**

**јуни 2014 година**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сѐ додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара со заокружување на буквата пред точниот одговор;
Препишувањето е најстрого забрането. Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
Задачите се одговараат прво во тестот. Откако ќе завршиш со одговарањето на прашањата во тестот, **одговорите на задачите пренеси ги на листот за одговори**, според Упатството за пополнување дадено во него.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2014

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1** **Прочитај го извадокот од романот „Злосторство и казна“ од Ф. М. Достоевски и одговори на прашањата.**

**А.**

- Слушај понатаму. Од друга страна, млади, свежи сили, што пропаѓаат попусто, без поткрепа, И тоа илјадници и насекаде! Сто, илјада добри дела и потфати што можат да се направат со парите на старицата, ветени за манастирот! Стотици, можеби илјадници суштества би можеле да се изведат на пат; десетици семејства да се спасат од беда, од распаѓање, од пропаст, од разврат, од венерични болести. -И сето тоа со нејзините пари. Отепај ја и земи ги нејзините пари, под услов со нивна помош да се посветиш потоа на служење на сето човештво и во општото дело: што мислиш ќе се покрие едно мало злосторство со илјадници добри дела? За еден живот - илјадници други животи спасени од гнилеж и распаѓање. Една смрт во замена за сто животи - па нели е тоа аритметика. Па и што значи на општ кантар животот на таа офтикава, глупава и злобна старичка? Не повеќе одошто животот на една вошка, лебарка, па и толку не вреди, затоа што бабата е штетна.

***(глава 6)***

**Б.**

-А како ја убив? Зар така се убива? Зар така се оди да се убие како што одев јас! Јас веднаш ќе ти раскажам како одев... Зар јас ја убив бабата? Јас себе се убив, а не бабата! Едноставно, себе за навек се отепав!.. А таа старица - ја уби ѓаволот, а не јас...

***(5-ти дел глава 4)***

---

**1 поен**

**(1.1) Во кој период се случува дејството во романот „Злосторство и казна“?**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Во 16 век.
Б. Во 17 век.
В. Во 18 век.
Г. Во 19 век.

---

**1 поен**

**(1.2) Чувството на револт заради кое Расколников го сторил злосторството е засновано врз:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. тешката економска состојба.
Б. незрелоста и неодговорноста.
В. неговата духовна деградација.
Г. желбата за освета.

**(1.3) Во наведеното дело, ликот Димитриј П. Мармеладов е претставен како:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. почитуван државен службеник.

Б. лице кое има склоност кон алкохол.

В. корумпиран државен службеник.

Г. чесен државен службеник.

**(1.4) Во дејството на наведениот роман од Ф. М. Достоевски, помеѓу главниот лик Раскољников и неговото семејство:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. има голем јаз.

Б. доминираат хармонични односи.

В. доминираат релативно добри односи.

Г. доминираат многу срдечни односи.

**(1.5) Реченицата изговорена од главниот лик Раскољников „Јас себеси се убив, а не бабата“ претставува:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. тврдење дека кога човекот убива, тој повеќе не е човек.

Б. израз на разочарување поради грешната проценка на ситуацијата.

В. неговата погрешно смислена теорија за злосторството.

Г. израз на задоволство заради извршеното злосторство.

**(1.6) Кое од долунаведените дела е создадено од Ф. М. Достоевски?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. „Ана Карењина“.

Б. „Војна и мир“.

В. „Браќа Карамазови“.

Г. „Мајсторот и Маргарита“.

**2** **Внимателно прочитај ги дадените песни и одговори на поставените прашања.**

**А.**
Патор, патор ноџина;
пасла баба козици;
на два рида високи,
на два дола широки
ми напрела две вретена
си 'и клала на полица
дошло маче-лизна;
дошло куче-гризна;
чит пустино, ош шчурино,
Толкусум си напрела;
На дедо кошуља, на баба марама.

**(игрaчки 661)**

**Б.**
Ако ме љубиш, ако ме сакаш,
Обуј се себе, обуј ме мене,
Та да одиме да прошетаме
Горе и долу, се кун бавчите,
Да набереме шамија круши;
Оф леле, крушо,
Момина душо!
Ако ме љубиш, ако ме сакаш,
Собуј се собуј, обуј ме мене,
Та да одиме да прошетаме
Горе и долу, се кун лозјата,
Да набереме шамија грозје,
Јас к'сни грозје, ти зобни грозје;
Оф леле, грозје, момино око!

**(песна 466)**

***Зборник на Миладиновци***

**(2.1) Според авторството двете песни припаѓаат на:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. македонската поезија од современата епоха.
Б. македонската поезија од епохата на просветителството.
В. македонската поезија во народното творештво.
Г. македонската поезија од повоената епоха.

**(2.2) Според мотивот песната Б е:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. љубовна.
Б. социјална.
В. револуционерна.
Г. хумористична.

**(2.3) Во песната Б во стихот „Оф леле, грозје, момино око!“ е употребена стилската фигура:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. литота.
Б. метафора.
В. метонимија.
Г. градација.

**(2.4) Двете песни се дел од *Зборникот на браќата Миладиновци* кој е издаден во:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. 1939 г. во Загреб.
Б. 1903 г. во Софија.
В. 1861 г. во Загреб.
Г. 1897 г. во Виена.

**(2.5) Печатењето на *Зборникот* било помогнато од:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Стефан Верковиќ.
Б. Јосип Јурај Штросмаер.
В. Виктор Григорович.
Г. Кузман Шапкарев.

**(2.6) Преку запишувањето на македонската усна народна традиција, Димитар Миладинов се борел за:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. националниот идентитет.
Б. ширење на писменоста.
В. чување на народната традиција.
Г. поттикнување на уметничката дејност.

**3** **Внимателно прочитај ги извадоците од романот „Пиреј“ на П. М. Андреевски и одговори на прашањата.**

**1.**

Влегуваме во селото, а како во туѓо село да влегуваме. Зејат куќите, пондилите. Нема ништо да лавне, да мукне. Од никаде ни збор, ни одговор. Секаде темница се натискало. Ги разминуваш куќите, како луѓе со извадени очи, извртени. Сè е шаштисано, штрбаво, оградено. И селото што е село, без луѓе е пусто. Сè е пусто, не се догледува пустината.

Им послав на децата. Им ја фрлив рогузината на чардакот, и така им седам, долу, крај нозете, стрежам. Тие нешто бладаат, ќе ја клоцнат чергата со нозете, ќе го соберат ложникот, ќе офнат и како ќе офнат тие, така и јас офнувам. Ножови ми врват овдека. Потоа им го слушам дишењето: тешко, како дување во прсти со подноктица, предишено. Седам и гледам како смртта ми влегува дома. И ми се дроби срцето, ми се кинат џигерите.

- Господе, не земај ми повеќе, господе, се молам, преколнувам. Запри, господе, господине, не земај ми повеќе, си шепотам. Зар цела куќа ќе ми ја соголиш, зар сите мои рани со земја ќе ги потиснеш. Не земај, господе, само од мене, земи и од друго место, си ја валкам устата. Веќе не знам што зборувам. Ноќта изминува, а Капинка се бапка, се тепа, ја удира главата на перница. Ја дроби сламата во перницата, излегуваат осилки и прашина околу нејзината глава.

- Оф, мајче, ќе викне, и ќе ја сврти главата настрана. Којзнае каква сила ѝ стои во главата. Таа ќе офне и мене пак студен нож ме удри овде, во срцево. Ѝ ја земам главата, ѝ ја пикам в пазуви, ѝ го бришам лицето што малаксува.

- Чекај, Капинко, велам, не предавај се! Есенва ќе те учам да предеш и да везеш. На раката ќе ѝ речеш: „како што брза водата твоја, така да ми е брза работата моја“. На пилето ќе му речеш: „како што ти работат крилјата, така да ми работат рацете, прстите“. И кошула ќе веземе, ѝ велам, твоја рака ракавите ќе ги везе. Не ме слуша. Јас едно ѝ зборувам, таа друго ми кажува.

- Си дојде Ангеле, вели, сега ќе дојде Ангеле, ќе промрмори и пак офка. Ѕвездан не офка толку. Дали подоцна го фатила болеста, или не е со истата болест? Тој не ме потплашува како Капинка. Ги гледам обајцата и се трештам: како да си помогнам, кој да ме научи нешто? Нема кај да побараш помош. Помош немаше и порано, ама имаше луѓе. Сега и луѓето избегаа, сега нема ништо. А и што можат луѓето да ти помогнат, кога секој се плаши од секого. Господе, си мислам, дали може без лек, така од ништо, да ми оздрават децата. И мислам како недугава. А и што ќе правиш сама во ова колнато време. Треба сам да се караш, сам да се тепаш. Ништо друго. И си почнувам:

- За која куќа се спремаш, Капинке, капко моја попарена. За каде, желнице, желки мене да ме подујат? Та, таа куќа отсекаде е затната, со студена земја и со вода е заградена. Како ќе крепиш толку тежина со твојата снага нејака, изнемоштена? Поведи ме барем и мене, да ги понамалам од земјата, од тежината. Како ќе ги гледам другачките твои без тебе, што ќе им кажам, што ќе им изговорам? Како се задена во вас црната, црна мене да ме остави! Зар нема веќе да ме поризаш, зар вечно ќе ми бидеш лута? Дали не знаеш дека никој оттаму не се вратил, си редам, ама тивко да не ме чуе, редам, и со жешки солзи го утопувам лицето. И стојам така над неа: втрештена, опалена, изгорена. Ја тажам, се тажам.

**2.**

Еве и овдека ми се искажуваат зборовите на Лазора Ночески. Сиреч, сè ми оди оттаму и смртта ќе ми дојде оттаму. Иако сум далеку од селото, од жената, женицата. Животот е една голема угорница, а уште поголема удолница по која трчам. Цел живот трчаме за да го откриеме нејзиниот крај, нејзиниот гасер. Кај што ќе заврши и нашето тркалање. Нашето постојано паѓање. Пред малку само трчавме еден кон друг: и од едната страна

има наши луѓе и од другата страна има наши луѓе. А и сите луѓе на светот се наши луѓе. А навалуваме еден на друг. Околу нас само куршуми цивкаат, ама ниеден не ме погаѓа. Среќа, ба му ја. „Некогаш не те сака и господ“, би рекол Лазор Ночески, „или намерно те остава за да се мачиш“. А ловецот само чека, чека да се умориме, да се истребиме. Нѐ чека нас, ги чека и своите. Се тепаат за Трајка, се тепаат преку Трајка и Трајко најмногу си го јаде ќотекот. Ама несреќата ни е заедничка. И стравот ни е заеднички. И гладот. А пак трчаме да му го земеме на другиот. Секој сака повеќе несреќа да има, да завладее. Те тераат да им помагаш. Тебе те тепаат, а те тераат да им помагаш.

**1 поен**

**(3.1) Со кој настан почнува и завршува романот „Пиреј“?**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Почетокот на Првата светска војна.
Б. Раѓањето на Роден.
В. Погребот на Велика.
Г. Смртта на Здравко.

**1 поен**

**(3.2) Велика во првиот извадок од делото, како и во целината на романот, е прикажана како:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. личност што морално пропаѓа под влијание на воените случувања.
Б. пожртвувана мајка која се соочува со суровите последици на војната.
В. достоинствена сопруга на војник што се бори за интересите на својата земја.
Г. неверна жена која се однесува согласно сопствените принципи за слободата.

**1 поен**

**(3.3) Третиот пасус од првиот извадок открива дека македонскиот народ во тешките моменти од животот поткрепа наоѓа во верувањето во:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. човековиот разум и науката.
Б. магичната моќ на зборот да одбрани од злото.
В. помошта поврзана со поткрепата на соседните народи.
Г. човековата издржливост при примената на насилствата.

**(3.4) Каде се одвива дејството во вториот извадок од романот „Пиреј“?**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. Во селото.
Б. На фронтот.
В. Во болницата.
Г. Во кафеана.

**(3.5) Во вториот извадок од романот „Пиреј“ преку зборовите на Јон се нагласува идејата за:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. храброста на македонскиот војник.
Б. значењето на семејството во животот на човекот.
В. апсурдноста на војната како појава.
Г. значењето на пријателството и верноста.

**(3.6) Кој од ликовите во романот во своето искажување го користи обредниот говор и тажаленката?**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. Маса Ќулумоска.
Б. Велика.
В. Лазор Ночески.
Г. Ѕвездан.

**4** **Зборовите се делат на менливи и неменливи според:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. значенската класификација.
Б. морфолошката класификација.
В. синтаксичката класификација.
Г. фонетската класификација.

**5** **Двојна родова форма има именката:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. верност.
Б. песок.
В. жито.
Г. вода.

**6** **Определи го прилогот меѓу наведените зборови во реченицата:** **1 поен**
*Снегулките полека паѓаа на сувата земја***.**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Снегулките.
Б. Земја.
В. Полека.
Г. Сувата.

**7** **Кој е авторот на првата словенска азбука?** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Климент Охридски.
Б. Св. Кирил.
В. Константин Презвитер.
Г. Наум Охридски.

**8** **Придавките <u>златен</u>, <u>градски</u>, <u>мајчин</u> се:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. описни.
Б. односни.
В. заменски.
Г. бројни.

**9** **Граматичката категорија степенување е карактеристична само за:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. именките.
Б. придавките.
В. броевите.
Г. глаголите.

**10** **Внимателно прочитај го текстот и заокружи ги точните одговори на прашањата.**

## ВЕШТИНИ ИЛИ ДИПЛОМА?
## ШТО ПОВЕЌЕ САКААТ РАБОТОДАВАЧИТЕ?

На растечкиот пазар на трудот, каде бројот на дипломирани студенти, но и магистри и доктори е во постојан подем, работодавачите покрај академската позадина сè повеќе се фокусираат на вештините кои ги поседуваат практикантите или идните вработени во нивните компании. Последните истражувања покажуваат дека во постојана нагорна линија е трендот меѓу светски познатите компании кои од кандидатите за работа бараат преговарачки вештини, вештини за брзо решавање на конфликти, за брзо донесување на важни одлуки...

Оттука одговорот на насловното прашање не е во дилемата „или-или“ (вештини или диплома), туку сведочи за нова мода во светскиот бизнис сектор во кој сè почесто се бараат едуцирани вработени, но притоа потковани со вештини (односно и образование и вештини). Така, ако се верува на последните истражувања, компаниите сакаат студенти кои не само што ќе дадат дополнителна вредност на компанијата, туку ќе поседуваат и вештини преку кои ќе помогнат да се трансформира организацијата со оглед на постојаниот и брзорастечки економски и технолошки развој.

Доказ за ваквиот тренд се последните огласи за работа кои доаѓаат од банкарскиот сектор, меѓу кои и од светски реномираните компании како J.P. Morgan и Royal Bank of Scotland. Нивните огласи за работа станаа вистинска медиумска атракција бидејќи преку истите бараа студенти од хуманистичките науки и од областа на уметноста, наспороти студентите од економските науки што барем досега беше воспоставена пракса.

„Повеќе банки сè почесто сметаат дека студентите од овие насоки поседуваат вештини и лесно можат да бидат обучени во областа како трговија, за кои претходно предметите како математика беа одлучувачки критериум“, анализираат светските медиуми. Компаниите, пак, со одговор: „Нам ни се потребни комуникациски и вештини за презентација со цел да се убедат луѓето да направат промена во начинот на размислување. Затоа сметаме дека студентите од ваквите области поседуваат повеќе такви вештини, отколку студентите на регуларните студии за економија“.

Меѓутоа ваквата нова мода не е карактеристична за банкарскиот сектор. Праксата покажува дека компаниите во светот сè повеќе се свртуваат кон ангажирање на креативната група луѓе (уметници, дизајнери, иноватори) отколку студентите кои имаат добро теоретско знаење, но немаат вештини кои би донеле промени во компанијата.

Но, кои се вештините кои ги бараат компаниите? Според листата што ја направи угледниот магазин, 10-те најбарани вештини во светски реномираните компании се следниве:

1. Критично размислување – употреба на логиката за да се идентификуваат јаките и слабите страни на алтернативните решенија, заклучоци и пристапи за решавање на проблемите.

2. Решавање на комплексни проблеми.

3. Пресудување и носење одлуки - земајќи ги предвид негативните страни и бенефициите од некоја акција да се избере најдоброто и најисплатливо решение.

4. Активно слушање - да се посвети вистинско внимание на тоа што луѓето зборуваат, да се разберат поентите кои се направени за време на дискусијата, да се поставуваат вистинските прашања, но и да се биде учтив и да не се прекинува некој додека зборува.

5. Компјутери и електроника - компјутерски вештини, процесирање, вештини за електронска опрема и компјутерски хардвер, како и вештини за создавање апликации и програмирање.

6. Математика - познавање на аритметика, алгебра, геометрија, статистика.
7. Системска анализа - анализа за тоа како системот работи или треба да работи и како промената на условите, операциите и опкружувањето ќе влијае на резултатот.
8. Мониторирање - набљудување на опкружувањето, на самиот себе, на другите индивидуи или на целата организација и нивните реакции со цел да се направи напредок во компанијата или да се коригира одредено однесување.
9. Програмирање.
10. Продажба и маркетинг - познавање на принципите и методите за покажување, промовирање и продавање на производите и услугите. Ова вклучува и маркетинг стратегија и тактика, демонстрација на производите, продажба на техниката.

*Автор: М.А.*
*http//www.fakulteti.mk*
*Објавено на 15.11.2013 во категоријата „Образование“.*

---

**(10.1) Што бараат од практикантите или од идните вработени светски познатите компании?** — 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Академско образование со висок просечен успех.
Б. Академско образование и вештини.
В. Претходно искуство и добри препораки.
Г. Академско образование и препораки.

---

**(10.2) Според повеќето банки, кои вештини треба да ги поседуваат студентите за лесно да се обучат во областа на трговијата?** — 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Математички вештини.
Б. Комуникациски вештини и вештини за презентација.
В. Вештини од економијата и менаџерството.
Г. Компјутерски вештини и вештини од економијата.

---

**(10.3) Зошто е неопходно идните вработени да ја поседуваат вештината за критичко размислување?** — 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. За да ги разберат поентите за време на дискусијата.
Б. За да ги идентификуваат јаките и слабите страни на алтернативните решенија.
В. За да знаат да ги покажат и продадат производите и услугите.
Г. За да можат да ги предвидат состојбите на пазарот во иднина.

**(10.4) Доколку студентите знаат да определат како промената на условите, операциите и опкружувањето ќе влијае врз резултатите од работата на системот, тие ја поседуваат вештината за:**

1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. системска анализа.

Б. активно слушање.

В. пресудување и носење одлуки.

Г. проценка на ризиците.

**(10.5) Вештината на мониторирање т.е. набљудување на самиот себеси, на другите или на целата организација и нивните реакции е значајна за да се:**

1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. решат комплексни прашања.

Б. направи избор на најдобро и најисплатливо решение.

В. направи напредок во компанијата или да се коригира одредено однесување.

Г. постават проблеми кои треба да се решаваат.

**(10.6) Што ќе се постигне со вработување студенти кои поседуваат не само знаење, туку и вештини?**

1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Резултати кои се делумно ризични, но со голем успех.

Б. Трансформација на организацијата со оглед на постојаниот и брзорастечки економски и технолошки развој.

В. Систематизирање во работата на компанијата.

Г. Решавање на предизвиците на пазарот на трудот.

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*